**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 јули 2007 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,28 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Бесим Догани, потпретседател на Собранието.

**Бесим Догани:** Продолжуваме со работа по Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Љубчо Ѓорѓиевски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Елмазе Селмани, Лилјана Поповска, Радмила Шеќеринска, Јани Макрадули, Влатко Серафимов, Данаил Дончев, Абдуљади Вејсели, Фијат Цановски, Али Ахмети, Фазли Велиу, Агрон Буџаку и Теута Арифи, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање, да го утврдиме бројот на присутни пратеници во салата.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни само 31 пратеник.

Затоа, објавувам пауза до 12,00 часот. Благодарам.

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,10 часот).

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со работа.

Уште еднаш ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Уште еднаш ги замолувам пратениците да ги заземат своите места, службите да ги затворат вратите и да ни се достави точен број на присутни пратеници во салата.

Дами и господа пратеници, ве молам заземете ги своите места за да можат службите да го потврдат точниот број на присутни пратеници.

(Службите го утврдуваат точниот број на присутни пратеници).

На седницата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

**Точка 5 - Предлог за донесување на закон за мирно решавање на работните спорови, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон за мирно решавање на работните спорови е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници, гласале 55, од нив 52 гласале за, воздржани 3, против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 3 став 1; член 29 став 1 точка 2 и на член 53 став 3 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Марјанчо Николов и Влатко Серафимов поднесоа амандмани на член 3 за менување на став 1; член 4 став 1; член 5 за менување на став 2; член 8 за менување на точка 2; член 9 став 2; член 12 став 2; член 17 став 1 за додавање нова точка 5 по точката 4 и на член 19 став 3, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски поднесоа амандмани на член 3; член 7 за додавање нови три ставови 2,3 и 4 по ставот 1; член 9 за менување на став 2 и за додавање нов став 3 по ставот 2; член 13; за додавање нов член 15-а по членот 15; член 18 ставови 1 и 3 и за додавање нов став 2 по ставот 1; член 26 став 2; член 28 за додавање нов став 6 по ставот 5 и за бришење на ставот 6; член 39 за бришење на став 3 и на член 53 став 1 и за додавање нов став 5 по ставот 4, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Мери Младеновска Ѓорѓиевска поднесе амандмани на член 1 став 1; за бришење на член 3; член 4 за бришење на став 2; член 5 за бришење на став 2; член 6 ставови 1 и 2; член 8 точки 1,3,4 и 5; на насловот пред членот 12; член 12 ставови 1 и 2; член 13; член 14; за бришење на насловот пред член 29 и за бришење на членовите 29,30,31,32,33,34,35 и 36; на насловот на Глава ИИИ; на насловот пред член 37; член 37 на воведната реченица и на точките 4 и 5; член 38 ставови 1,2 и 6; член 39 став 1; член 40; член 41 ставови 1,2 и 3; член 42 став 2 точка 1; член 43; член 44 ставови 1 и 2; на насловот пред член 47; член 47 ставови 1,2,3 и 4; на насловот и поднасловот пред член 48; член 48; член 49; лен 50; на насловот пред член 51; член 51 став 1; член 52 став 2 точка 2 и на член 53 став 3, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска поднесоа амандман на член 3 став 1, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 1, поднесен од пратеникот Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика, господин Мешков, повелете.

**Љупче Мешков:** Амандманот не се прифаќа.

Сакам да кажам уште неколку зборови бидејќи сите овие амандмани што се поднесени од пратеникот Мери Младеновска Ѓорѓиевска се во насока да од законот изостанат индивидуалните

спорови, работни спорови. Законот да се однесува само на колективните работни спорови. Сите наредни амандмани се во таа насока. Неприфаќајќи го првиов амандман јас би ја замолил, би сугерирал, до колку се согласи, да ги повлече другите амандмани, бидејќи неприфаќањето на тој амандман, практично сите други амандмани се во таа насока.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине минситер.

Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓа Младенвоска Ѓорѓиевска Мери, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Од тоа што вчера го кажа министерот по текстот на законот беше јасно дека нема да ги прифати амандманите. Меѓутоа, навистина јас сакам да ја искажам својата зачуденост од тоа како во пракса ќе функционира примената на овој закон, за мирно решавање на работни спорови, на Законот за медијација, затоа што кога овој текст на закон ќе стане позитивен пропис во Република Македонија, по донесувањето во Парламентот, ќе имаме двојство на прописи. За индивидуалното решавање на работните спорови, согласно Законот за медијација ќе бидат надлежни медијаторите, а согласно овој закон ќе бидат надлежни арбитрите. Кој закон ќе се применува?

Или пак, на Владата не и е битно кои закони функционираат во пракса и како се применуваат, туку е битно како Владата ќе одлучи. Како за многу прашања што одлучува Владата, како што одлучува и за прашања поврзани со кривичното право, за гонење на кривични дела, не е битно што во закон е наведено кои институции се надлежни за тоа, важно е што мисли Владата. Затоа имаме случаи кога ќе се поведат кривични постапки или кога треба да се поведат кривични постапки, имаме можност да слушнеме од Министерството за внатрешни работи за колку лица е определен притвор. На пример, за десетина лица за кои се поведува постапка, ќе слушаме од портпаролот во МВР дека за петте има притвор, а дека пет ќе се бранат од слобода. Уште предметот пред да стигне пред истражен судија. Значи предметот е на пат од МВР до Јавното обвинителство, Јавното обвинителство уште не поднело барање за спроведување истрага и барање за определување мерка притвор, веќе преку медиумите јавноста знае за колку лица ќе се определи притвор, за колку лица нема да се определи.

Значи, тоа е начинот на кој што функционира оваа Влада. Па, и во овој случај Владата ќе одлучува кој закон ќе се применува. Не е битно правната држава, принципот на владеењето на првото, ништо друго не е битно.

Токму заради таа опбасност од двојство на прописи што ќе се појават во пракса, го предложив овој амандман. Во спротивно, ако Владата внимавала за усогласеноста на прописите, ќе можеше, имаше време да предложи измени и дополнувања на Законот за медијација, бидејќи и вчера кажавме се согласуваме дека за решавањето на работните спорови за индивидуалните работни спорови треба да се овозможи привелегија во однос на намирување на трошоците. Можеше во тој закон да се предвиди да биде бесплатно, како што имаа многу привелегии за граѓаните во други закони, како што е на пример Законот за адвокатура, каде што е наведено под кои услови под овластени, во кои ситуации под овластени услови може адвокатите да ги застапуваат странките и тие да го остваруваат тоа право.

Вчера министерот кажа дека со овој закон се овозможува бесплатно да се водат и колективните и индивидуалните спорови. Ќе верував дека е тоа така ако едно од начелата, врз основа на кои се заснова законот е и начелото на економичност. Но, тоа не е наведено во основните начела. Еве, ќе ги прочитам кои начела се наведени на кои се заснива законот: законитост, доброволност, неутралност и непристрасност, еднаквост, доверливост, транспарентност, ефикасност и правичност. Никаде немаме економичност. Владата, ако размислувала, ќе размислела и за ова прашање.

Но, ако ги анализираме трошоците што ќе ги има Република Македонија во однос на платите и надоместоците на платите на лицата кои ќе бидат ангажирани како арбирти, сметам дека навистина не може да се зборува за економичност и не сметам дека таа економичност ќе биде помала или трошоците ќе бидат помали во споредба со тоа што би можело да се направи како ангажман на медијаторите за решавање на овие индивидуали работни спорови под привелегирани услови. Но Владата гледа кусогледо, гледа само овде пред Парламентот да достави закони што се доставуваат обично во последниот момент, пред да истече крајниот рок по различните агенди што ги има Република Македонија, дали се работи за евроинтеграција, НАТО интеграција или обврски преземани со ПДПЛР аранжманите со Светска банка и тогаш само користи можност, под изговор дека имаме ограничени рокови, што побрзо да се донесат законите.

Добро е ако се користат во овие постапки за изготвување на закони повеќе асоцијации. Или пак владиниот и невладиниот сектор. Меѓутоа, не можам да се согласам дека сето тоа треба да се одвива надвор од Парламентот и дека, ако се организирани јавни расправи и трибини, дека за тоа прашање по тоа не треба да се расправа во Парламентот и дека е доволно да се организираат јавни расправи за да се заземе позитивен став за законот.

Ве молам, тоа е уште еден обид да се одземат функциите на Парламентот. Законите се носат овде. Треба на сите да ни биде јасно. И, ако Владата навистина сака да носи квалитетни закони, што ќе бидат во интерес на реформските

процеси, треба да најде начин како да го менаџира овој процес со пратениците. Но, за жал, почитувани колеги, за разлика од претходните искуства што сме ги имале, за овие месеци од еве десетина месеци како функционира Парламентот, со одржување на редовни седници, не се случило министрите да го менаџираат процесот заедно со претседателот на Собранието. Па, кога имаме поднесено амандмани да се обидат да воспостават контакт со пратениците, да се кажат начелните ставови во однос на законот, да се дадат забелешки, да се направи усогласување и потоа, седниците да траат многу пократко и да имаме ефикасна и економична работа на Парламентот.

Едноставно, Владата, претставниците на Владата, кога ќе дојдат во овој Парламент потполно се апстрахираат од присуството на пратениците. На своите пратеници од мнозинството, не навлегувам, тоа е работа веќе на партиските интереси, меѓутоа и од пратениците од опозицијата, иако мојот став е дека треба да има еднаков третман и еднаков однос со сите пратеници во Парламентот, затоа што од односот со пратениците, кон нивните прописи зависи ефикасноста и на Парламентот, но и на Владата.

Владата не може под изговор дека Парламентот е неефикасен да нстојува да прикаже дека таа многу работи. Владата може да покаже резултати само ако има добра завршница овде, во Парламентот. Меѓутоа, за среќа, многу од прописите што се во Агендата на оваа Влада не се со такво мнозинство што би значело поголема респектибилност кон пратениците од опозицијата, па тоа ви создава дополнително комодитет за да се однесувате така како што се однесувате.

Но, за жал, трпат процесите. На крајот, ова што ние го кажуваме овде од говорницата, ќе наиде на подеднаков одговор и од оние кои во пракса ќе ги применуваат законите. Меѓутоа, тогаш ќе гиде доцна. А, и да се соочите со тој факт, и да сакате да го признаете, едноставно нема да имате време поради тоа што во Агендата има многу други обврски, нема да може повторно да се враќате со истите теми по истите прашања.

Ние зборуваме, овде говориме токму за тоа. Да бидеме ефикасни и кога носиме закони тие закони навистина да бидат усогласени и да траат подолг временски период.

Меѓутоа, не го прифаќате. Навистина не го прифаќате тој начин на работа. Самоуверени сте, самобендисани сте. Тоа ви го овозможува рејтингот, односно тоа ви го овозможува вашиот начин на водење на медиумска кампања, постојано со користење на зборовите “ќе биде”, “ќе направиме” и тн.

Како што е и најновиот случај со спортските сали, не баре од она што го гледаме по медиумите се добива впечаток дека во Република Македонија се изградени спортските салли за најмладите. Меѓутоа не е така. Ова е сега почеток. Треба реално да ги прикажете овие работи на граѓаните, заради тоа што може да се фалите со резултати, тогаш, кога ќе ги постигнете. Ние тоа го гледаме овде во Парламентот. Но, за жал, трошите пари за медиумска кампања, за да ви се зголеми рејтингот, за да ја зголемите популарноста и кај граѓаните, што досега и ви успева, но за жал, сметам дека тоа не е добро и дека тогаш кога граѓаните ќе увидат дека ја направиле грешката, последиците ќе ги трпиме сите ние. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Господине министре дали сте за реплилка или сте за збор? (За збор), повелете.

**Љупче Мешков:** Значи, за неколку работи да не се добие погрешен впечаток. Се согласувам дека амандманите треба да се разговараат, пред да ги разгледуваме овде, но тогаш ве молам, амандманите да бидат доставувани порано, за да имаме време. Ако амандманите Министерството ги добие во петок, во 16,30 часот, а во недела, да речеме има седница на Влада, може да замислите ако во понеделник има Собрание, кога тоа може да се оствари. Значи, да се има тоа предвид.

Втора работа, вели во последен момент законите се носат. Погледнете го законот кога е доставен во Собрание. Во почетокот на април месец. Значи, една е дискусијата во април, друга е во јуни, или во јули, кога има одредени рокови. Тоа е втората работа.

Во поглед на законите, Законот за медијација се применува затоа што е тој донесен и се применува во законодавството на Република Македонија. Но, не знам кој би имал против. Работните спорови индивидуални, кои се однесуваат на најниската плата и на престанокот на работниот однос, ако земете, статистички, тие се можеби 90% од работните спорови пред судовите, дека ќе ја врши институцијата без наплата на придонес, односно без наплата, безплатно ќе ја врши медијацијата, за разлика од Законот за медијација, кои што некои дискусии сега можат да одат во насока дека некој можеби ги штити интересите на тие медијатори, кои што треба да наплатуваат и да заработуваат пари. Тие што имаат добиено лиценци за таа работа. Зачи, лекс специјалис е овој закон и овој закон за двата работни спора, кои што ги има наведено, ќе се применува овој закон. За сите други спорови ќе се применува Законот замедијација. Значи, нема никаков спор дека еден закон го анулира другиот закон. Во таа насока, нема никаков поблем.

Јавните трибини кои што ги спомнуваме постојано,не се израз и не се адут, за да кажеме дека овој закон треба да биде донесен. Тој закон го носи Собранието и пратениците. Трибините ни се за да кажеме на ова Собрание дека процесите кои ги водиме во донесувањето на законите се транспарентни процеси. Значи не се процеси на канцелариско работење на закон, туку се процеси

во кои се анимираат сите оние кои се експерти, заинтересирани за донесувањето на законот, за да ги дадат своите ставови и мислење. Политиката која е содржана во законот е политика на Владата. Значи тие трибини се само во насока на транспарентност, а не адут дека еден закон треба да биде донесен или не. За тоа се разбира, одлучува Собранието и пратниците. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Контра реплика од три минути за госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Почитуван министер со тоа што го кажавте, уште еднаш потврдувате дека во Парламентот постои потполно отсуство на менаџирање на процесите што се случуваат овде во Парламентот. Верувам дека сте изненаден од начинот на доставување на амандманите, бидејќи како пратеник од претходниот парламентарен состав, имате сосема поинакво искуство, но можете да си претпоставите сега, ако на Владата ви ги доставуваат амандманите, во такви рокови какви што ви ги доставуваат, со што сме соочени ние пратениците од опозицијата. Постојано со една тргка по дневни редови, по преместување на дневни редови, на точки, забрзување на оние прашања за кои Владата смета дека се битни за задоволување на партиски интереси а не на прашања што се од интерес за државата, тоа е секојдневието во Парламентот. Ако и Влаата тоа го забележува, тоа е уште поочигледно и го покажува начинот на работа во Парламентот, но Владата во овој процес е навистина соучесник. Можеби вие лично не, меѓутоа Владата е соучесник во овој процес.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Бидејќи во салата се присутни 61 пратеник, ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа 54 пратеници, 11 гласаа за, против гласаа 43, воздржани нема.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 3 поднесен од пратеникот Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Љупче Мешков:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владатса не го прифати амандманот.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Бидејќи за амандманот гласаа само 49 пратеници, би ги замолил службите повторно да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во моментот на гласање беа присутни 61 пратеник, така да за амандманот гласаа 49 пратеници, 7 гласаа за, воздржани нема, против гласаа 42.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менување на став 1, поднесен од пратениците Марјанчо Николов и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

**Љупче Мешков:** Овој амандман сега е во обратна насока. Значи покрај овие два индивидуални спора да бидат опфатени и други, кои се наведени во амандманот. Ние рековме дека за сега, бидејќи најголем број од судските спорови за овие два случаја, за престанок на работен однос и за најниска плата, дека само тие два индивидуални работни спорови се предмет на оваа медијација со овој акон востановена, а времето ќе покаже дали можеби треба тоа да се прошири. Но за сега, само тие два индивидуални работни спора ги прифаќаме и немаме во овој концепт таква регулатива да ги проширувaме, туку да одиме само со тие два за почеток. Од тие причини амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Ви благодарам, Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам, почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер, и самото образложение на минситерот зошто не го прифаќа амандманот во најмала рака би не зачудило сите нас, бидејќи прво, како прилог кон законот немаме ниту еден аналитички податок колку работни спорови во протек се водат наназад во Република Македонија, во кој дел, за кои прашања најмногу се водат итн. Значи, нема основни податоци со кои што Владата може да го поткрепи решението дека индивидуалните работни спорови можат да се водат само за прашањата околу откажување на договор за вработување и исплата на најниска плата.

Ако целта на Министерството е ова прашање комплетно да се регулира и да се стави во законски рамки, иако постои паралелизам во однос на Законот за медијација, мислам дека немаше никаква основа, министерот да го одбие амандманот, бидејќи не ја ни менува концепцијата, не го менува ни начинот на работа понатаму на Републичкиот совет за мирно решавање.

Со нашиот амандман се предлага во членот 3, покрај прашањата за кои што може да се води индивидуален работен спор, а се регулирани во членот 3, кои се однесуваат за договор за вработување, исплата на најниска плата , да се внесе нов став, со кој ќе биде предвидено работни спорови да се водат во најмала рака за сите прашања кои што можат да произлезат од заснованњето на работнот однос. Тоа е индивидуален работен спор. Во смисла на овој закон се смета спор по повод вклучување и содржина на договорот за вработување. Една област каде што во многу сектори или области може да не се почитуваат основните права на работниците, кои што се дадени или со закон, или со колективен работен договор. Прашањето за платата, надоместоци, придонеси од плати, знаеме дека во многу стопански дејности работниците не ги добиваат сите надоместоци и придонеси од плати. Има многу случаи каде што не се платени придонесите и работниците не можат да остварат право на пензија. Голем број на работници кои што иако имаат стаж но бидејќи немаат платено придонеси, не можат да си ги остварат своите права и со години се водат спорови по судовите во кои што не може да се реши. Зошто и ова прашање се одбива да се регулира со овој закон. Мислам дека многу греши министерот кога целата проблематика околу индивидуалните работни спорови ја сведува само на две прашања, работното време. И на телевизија во скоро време имавме снимки на кои што се прикажува како се крши работното време на работниците. Да работат прекувремено без да им се исплати таа прекувремена работа и сега и тоа не може да биде прдмет на мирно решавање на работните спорови. Одмори и отсуства и други права утврдени со колективнот договор и закон. И тука има многу прекршувања на правата по однос на работен однос. Навистина, не ми е јасно што се сака да се постигне и зошто амандманот не се прифаќа. Дали само затоа што е поднесен од опозицијата.Но ние, не ги носиме законите во интерес на позиција или опозиција. Ги носиме во интерес на граѓаните на Република Македонија. Ако не им даваме можност овие спорови или прашања да ги решаваат надвор од судските институции, да заштедат некој денар во однос на судските трошоци, не знам која е целта на законот. Мислам дека не е оправдано одбивањето на овој амандман и би ги замолил пратениците, кои очигледно немаат волја да слушаат за решавање на практични проблеми и се договориле да го одбијат амандманот, но тоа е тоа. ќе одиме, ќе се објаснуваме, на крајот ќе видиме како ќе излезе целата работа.

Барам поддршка, бидејќи сметам дека овој амандман ништо не штети на законот, туку напротив овозможува за многу повеќе работнички права да се води мирно решавање на тие спорови што би настанале по однос на кршење на тие права. Затоа барам поддршка од пратениците. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Николов.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да пристапиме кон гласање.

Бидејќи во салата се присутни 61 пратеник, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа 60 пратеници, 12 пратеници гласаа за, воздржани нема, против гласаа 48 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Љупче Мешков:** Образложението е слично како и првото и од тие причини не се прифаќа амандманот.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги повикувам службите да ни достават точен број на пратеници присутни во салата.

Во моментот на гласање во салата беа присутни само 60 пратеници, така што гласањето не е валидно.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, а да пристапиме кон гласање на амандманот.

Уште еднаш ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,05 часот)

**Иван Анастасовски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Ги молам пратениците да влезат во салата, ќе пристапиме кон гласање.

Ги молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Бидејки во салата имаме 62 пратеници амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 62 пратеника во салата гласале 56 од кои за гласале 9, нема воздржани и 47 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандмнот.

Колега Кондарко повелете три минути процедурално.

**Борис Кондарко:** Благодарам потпретседателе.

Процедуралната забелешка се однесува до начинот на водењето, одржувањето на седниците односно неодржувањето и неработењето на Парламентот, за што е одговорно владеачкото мнозинство.

Вие можеби лично не како потпретседател, меѓутоа како дел од мнозинството и како во моментот повикан да ја водите седницата ви се обраќам со повик и со протест да одговорите на некои прашања во отсуство на првиот парламентерец кој денеска воопшто не се појави на работното место, а колку што забележавме утрово не беше ни во листата за најавено отсуство. Така да ќе видиме дали ќе биде во листата за оправдано отсутни, затоа што не само што не доаѓа на работа, туку и кога доаѓа во 14,00 часот го напушта Собранието. Тоа е за господинот Георгиевски Љубиша.

Меѓутоа, дали некој од вас, од мнозинството кои се најодговорни за менаџирањето на работата на Собранието може да објасни што се случува во Парламентот не само денеска. Ова е веќе алармантно и симптоматично дали некој навистина му одговара на Владата, Парламентот воопшто да не работи. Зошто владеачкото мнозинство не може да обезбеди, дури ни со пратениците на опозицијата кои постојано сме тука доволен број на пратеници за да може да работи и да одлучува Собранието.

Дали Владата и премиерот гледајки го својот рејтинг спремни се да погазат се само за своите лични интереси, да покажат колку ги сака народот,во Парламентот пратениците се караат, во Владата владее идилична атмосфера. Дали тоа е цената да се сруши оваа институции, да се предизвика парламентарна криза, да се омаловажат пратениците вклучувајки ги и сопствените пратеници владеачкото мнозинство за високиот рејтинг на Владата. За да има некој полош од Владата и дежурен виновник. Значи, се знае кој е одговорен за работата на Собранието. Дали некој гледа, дали некој знае што се случува, дали некој разбира и на што личи сето ова. По цел ден седиме овде, никој не ни објаснува зошто седиме, зошто не работи Собранието, зошто не можат пратениците од власта да се соберат.

Затоа во тоа име апелирам да се почитува од страна на пратениците, од страна на власта писмото што го испрати претседателот на Собранието кој за непречен тек на Собранието и поголема ефикасност бара да се почитува предвиденото време за почеток на седниците. Да се почитува почетокот, дури и после паузите.

**Иван Анастасовски:** Ве молам истекоа вашите три минути за процедурална забелешка.

Јас да се обидам да дадам некои одговори на колегата Кондарко бидејки имаше три дилеми во својата процедурална забелешка.

Ќе тргнам од тоа каде што вие застанавте. Ние во 10 до 15 часот имавме уредно закажана координација од страна на потпретсеателот Бесим Догани за жал, јас јавно ќе протестирам дека ние не ја одржавме таа координација со со единствена цел да се договориме за понатамошниот тел на денешната дебата во Собранието.

Од друга страна за претседателот како прво не е упатно јас да коментирам, претседателот е на пат надвор од државата, а зошто не бил овде пријавен тоа од неговиот кабинет најдобро го знаат. Значи, апсолутно претседателот е на пат.

Од друга страна зоштоне може да се собере кворум, две парламентарни делегации се надвор од Собранието и се отидени во посета на две институции на системот на Република Македонија. Тоа се со поголем број на пратеници и тоа сигурно дополнително ни претставува проблем за да ја обезбедиме потребната бројка за да можеме да иамме дебата и да обезбедиме кворум за гласање во Собранието. Не верувам дека некој има намера овде да бара парламентарна криза, како што вие констатиравте.

Претпоставувам колешке Славице Грковска и вие сте за процедурално.

Повелете три минути процедурално, госпоѓице Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе.

Дозволете ми да ја искажам својата загриженост заради тоа што парламентарното мнозинство покрај тоа што изминатите месеци покажа дека не е способно да обезбеди минимум кворум за работа и покрај присуството на опозицијата денеска се случи да не може да обезбеди ни кворум на корординацијата која беше свикана од господинот Догани. Јас бев во 14,50 часот точно во салата за координација, меѓутоа за жал координаторката на ВМРО-ДПМНЕ не беше присутна, беа присутни само заменик координаторот на ДПА и госпоѓата Весна Јаневска.

Имајќи ја во предвид изјавата на шефицата на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ дека разбирливо и сосема нормално е партијата која доаѓа на власт да воспостави правила на работење во Парламентот за да може поефикасно да ги спроведува реформите и зацртаната програма. Ние укажувавме дека за одговорно однесување и за обезбедување на кворум за нормална работа и за нормално функционирање на Собранието не е потребно носење нов Деловник, треба само поголема одговорност. Меѓутоа, за жал пратениците од парламентарното мнозинство покажуваат дека се крајно неодговорни на функцијата штоја имаат и за жал заради таквото нивно однесување Собранието има толку низок рејтинг.

Значи, апелирам на поголема одговорност во извршувањето на пратеничката функција.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам на процедуралната забелешка.

Јас укажав по однос на координацијата, не би сакал да се повторувам.

Три минути процедурално за пратеникот Александар Николовски, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам потпретседателе,

Значи, повторно ја отворивме темата коај што очигледно станува класика и е омилена на опозицијата за кворумот односно за присуството и неприсуството на седниците. Пред да гокажам мојот став, се разбира со задоволство ќе ја ислушам и колешката која што повторно се пријави, да им честитам на сите колеги пратеници од власта и од опозицијата кои што секојдневно редовно доаѓаат на работа, кои што се секојдневно тука присутни. Тоа важи и за претходните двајца говорници кои што одговорно и чесно ја одработуваат својата работа и ги претставуваат граѓаните кои што ги избрале. Тоа е факт и од тоа не треба да се бега.

Она што е апсолутно точно е дека ние континуирано во последните 10 месеци од изборот на Владата на Република Македонија наваму имаме прикриена, или неприкриена опструкција, или обид за опструкција од страна на опозицијата. Тоа ќе ви го илустрирам со тоа што се договоривме да усвојуваме европски закони односно закони со европско знаменце, закони кои што се приоритет за нашето членство во Европската унија. Во моментот имаме таков закон, тоа е предлогот за донесување на закон за мирно решавање на работни спорови, за кој што има поднесено 50 амандмани. Јас не ја наоѓам логиката да се поднесат 50 амандмани за закон кој што значи усогласување со законодавството на Европската унија, комисии кои што го работат тоа, за кој што има позитивно мислење, за кој што е потполнет прашалникот и дополнително за кој што министерот изразил спремност да се најде договор, а договор нема.

Исто така, она што би сакал да го напоменам е дека ние можеме да одбереме помеѓу две работи, да работиме ефикасно во Парламентот со присуство на сите пратеници, и да не ни се случува ова што се случува. Ако не сме спремни ефикасно да работиме тогаш одговорноста треба да ја понесеме сите, сите сме одговорни и јас не би сакал по не знам кој пат да повторувам дека лично мене не ми смета тоа што Радмила Шекеринска не е тука, заради тоа што тоа е тактикана опозицијата лидерот на опозицијата да не е тука, но тоа е еден пратеник помалку во успешното работење на Парламентот. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Сите пријавени се за процедурално.

Се извинувам колеги ако добро се сеќавате на една координација се договоривме процедуралната забелешка, каде што беа сите координатори на пратенички групи дури и претседателот на Собранието во тој момент, да не се злоупотребува процедуралното за да се искажуваат некои други работи од страна на сите нас колеги пратеници.

Јас ќе бидам принуден ако не се држите до процедуралните забелешки на сите да ви го одземам зборот.

Тоа сакам унапред да ви го кажам и да продолжам со работа, бидејќи тоа право јас го имам. Апсолутно право е да ви дозволам три минути за процедурална забелешка. Ако не се придржувате јас ви кажувам однапред дека зборот ќе ви биде одземен.

Три минути процедурално за пратеникот госпоѓа Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Господине потпретседателе, јас ве молам да им објасните на пратениците дека поднесувањето на амандмани се дел од обврски на пратениците. Не може да се толкув аподнесвувањето на амандмани како кочење на работата и носењето законите. Тоа се составен дел од механизмот носење закони на Собранието на Република Македонија, без разлика дали станува збор за закон кој што оди во насока на прилагодување со европското законодавство. Ние бевме сведоци дека покрај таквото знакче кое што Владата го практикува на законите се злоупотребува за други решенија.

**Иван Анастасовски:** Имате процедурална забелешка, со ова правите реплика ...

**Славица Грковска:** За тоа што господинот Александар Николовски регираше.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Јас реков ако не се држите до ...

Три минути има процедурално пратеникот Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Благодарма потпретседателе.

Сметам дека не е во ред на овој начин да се одвиваат ниту процедуралните прашања, ниту дискусијата во Собранието. Сметам дека вие треба да се однесувате, сметам дека сите пратеници без оглед од која политичка партија доаѓаат треба да ги уважувате.

Во однос на законите, да ние сме овде дојдени побрзо да ги донесеме законите за хармонизација со Европската унија, но ако Владата дава закон на кој пратениците, не е битно кој дале 50 амандмани Владата треба да се преиспита.

**Иван Анастасовски:** Во што е тука процедуралната забелешка ваша?

**Весна Јаневска:** Исто како и на претходните дискутанти е мојата процедурална забелешка. Ве молам го губиме времето...

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Јас објавувам 15 минути пауза, очигледно сакате процедурално да го злоупотребите.

(Пауза од 15,42 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,05 часот)

(Со седницата продолжи да раководи Бесим Догани, потпретседател на Собранието)

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците и претставникот на Владата да влезат во салата.

Ги молам службите да ги затворат вратите, продолжуваме со работа.

Отворам претрес по амандманот на член 3, став 1, поднесен од пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Љупче Мешков:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓа Валентина Божиновска, повелете.

(Реакција од страна на пратениците пријавени за процедурално)

Процедурата е што јас ги читам амандманите, му давам збор на министерот. Ве молам контролирајте си го речникот. Знам за што сте пријавени, го гледам екранот, бев присутен.

(Пак реакција од пратениците, го спомнуваат Деловникот)

Деловникот ми дава право. Тој Деловник по кој работиме.

Повелете госпоѓо Божиновска.

**Валентина Божиновска:** Почитуван потпретседателе, непријатно ми е од колегите, веројатно ќе добијат збор после ова.

Сакам да укажам дека на овој член навистина имаше амандман приближно идентичен на господинот Марјанчо Николов, госпоѓа Цветанка Иванова и мислам дека во иднина може да дојде приближно решавање на членот 3, бидејќи таму го решаваме индивидуалниот спор, значи истиот ги опфаќа личните права на работниците, право на работа, право на одмор и отсуство. Право на заработувачка, плати, надоместоци на плата, пензиско и инвалидско осигурување.

Меѓутоа, целта на амандманот, почитувани претставници, беше фактот ако овие начела бидат повредени во текот на индивидуалниот спор, тогаш секој работник, а работници сме и ние, еден ден ќе дојдеме пред судските органи и навистина не ќе можеме, според овој закон, да си го решиме овој проблем.

Што беше значајно во членот 3? Дека е ноторен фактот голем број на работници сметаат дека нивните права од работниот однос се повредени на било кој основ и дека во судовите се заведени од оваа област. Мислам дека со овој закон нема да има намалување на решавање на споровите, мислам на мирно решавање на работните спорови. Тоа ќе се увиди и ќе мора опсегот на комисијата да биде зголемен, како што сега разговаравме во фоајето, почитуван министре.

Меѓутоа, тргнувајќи од фактот особено од препораките на Европскиот парламент и советите од 2004 година дека за определени аспекти на медијацијата во која, меѓу другото, ги опфаќаат и работните спорови односно односи за мирно решавање на работните спорови, мислам дека дециден е Законот за работни односи и посебно ја потенцирам повредата на правото на плати и надоместоци на плата. Зошто? Затоа што не се согласувам со формулацијата на најниската плата. Што значи тоа? Овој закон требаше да биде Предлог на закон за мирно решавање на работните спорови во кој само членот индивидуален работен спор по однос на најниската плата.

Се плашам да не се случи да го донесеме овој закон, а да немаме еден повратен системски ефект. Тоа значи дека ние во концептот го имаме нарушено овој закон.

Понатаму, со оглед на тоа што платата е паричен износ издвоен од средствата на работодавецот и добивка што тој му ја исплатува на работникот за извршената работа, сосе сите исплати плус храна, превоз итн, ние не можеме да го деградираме поимот плата, општа плата, најниска плата.

Што се однесува до личните надоместоци на плата во Предлог законот, поточно во одредбата на членот 3 на која се однесува предложениот амандман истите воопшто не се спомнати и тоа е пропуст на предлагачот. Бидејќи сите надоместоци од плата директно се поврзани со плата и произлегуваат од неа. Доколку тие не се исплатат, неминовно доаѓа до повредата на личното и индивидуално право на работниот однос. Суштината на предложениот амандман е со медијација од работните спорови да бидат опфатени сите прашања за кои може да се иницира една судска постапка. Вака кога човек ќе го истераат од работа, значи работникот, а се мислиме дека овој закон е во интерес на работникот, не ќе може да поведе судска постапка. Многу ми е жал, но еве интерно во договор со министерот, ако навистина се прошири опсегот на работа и се види дека ќе биде потребно, ќе ми биде многу мило. Благодарам.

(Пратениците пак реагираат од место зошто се избришани од дисплејот)

**Бесим Догани:** Повелете госпоѓо Валентина.

**Валентина Божиновска:** Јас завршив, благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

За реплика се јави министерот за труд и социјална политика, повелете господине министре.

**Љупче Мешков:** Само да појаснам, во ставот 1 од членот 3 прифатен е амандман кој е составен дел на текстот. Амандманот е од Законодавно-правната комисија. Тука стои “и исплата на најниска”, треба да стои: “не исплата на најниска плата”. Тоа е составен дел на текстот, па молам да се има во предвид.

(Пратениците кои беа пријавени за процедурално излегоа на говорница)

**Бесим Догани:** Ве молам седнете.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(Реакција од страна на пратениците)

Ве молам седнете (уште се тука пратениците и го прашуваат потпретседателот по кој Деловник работи).

Добро, Славица Грковска се пријавила за амандманот, гласањето е неважечко.

Процедурално нема господине Кондарко. (Пак реакција од пратениците, господинот Кондарко прашува зошто се избришани од дисплејот)

Седнете ве молам.

Повелете госпоѓица Грковска.

**Славица Грковска:** Потпретседателе, прво сакам процедурално да реагирам заради тоа што врз никаков основ вие го избришавте листингот и покрај тоа што пратеници беа пријавени за дискусија.

Јас сакам да ми објасните врз основа на кој член од Деловникот вие го направивте тоа. Имаше пријавени за дискусија на дисплејот, вие одлучивте дека тие пратеници што се јавени за дискусија во суштина не се пријавени и веднаш треба да преминете на гласање.

Јас ве молам да ми објасните врз основа на кој член од Деловникот го направивте тоа. Или е ова уште еден начин на замолчување на опозицијата.

**Бесим Догани:** Госпоѓице Грковска дали се пријавивте да зборувате по амандманот или не?

**Славица Грковска:** Јас ве молам вие сте должен да ми објасните врз основа на што не избришавте од дисплејот и констатиравте дека нема пријавени пратеници за збор.

**Бесим Догани:** Јас ви дадов збор да зборувате по амандманот. Ако зборувате во ред, ако не препуштете им на другите кои сакаат да зборуваат.

**Славица Грковска:** Јас ве молам да го запазите редоследот на пријавени пратеници кои беа претходно пријавени, а кои, вие заклучивте, дека не се пријавени и ги избришавте од пријава за збор. Сакам да ми објасните врз основа на кој член го направивте тоа и да ги вратите пратениците кои беа пријавени и да им дадете збор...

**Бесим Догани:** Госпоѓице Грковска дали се слушате што зборувате. Немаше за што да бидат пријавени пред паузата. Јас сум претседавач на Собранието господине Кондарко, срам да ви е вам што се дерете од место. Ве молам.

**Славица Грковска:** Потпретседателе, не сте во право. Вие немате право да проценувате, вие треба да прашате за што се јавени пратениците. Вие немате право да проценувате само без да ги прашате пратениците за што се јавени. Пратениците беа јавени за дискусија по амандманот и за тоа ве молам да го вратите дисплејот како што беше претходно и да им дадете збор на пратениците онака како што беа пријавени. Вие немате право без да ги консултирате пратениците за што се пријавени да констатирате дека нема пријавени за збор кога дисплејот е полн со пријавени за дискусија.

**Бесим Догани:** Госпоѓице Грковска дали сакате да ме слушате или не. (Дофрлување од место)

Ве молам Борис Кондарко или ќе ја напуштите или однесувајте се како треба. Јас ќе дојдам и ќе ве натерам да ја напуштите.

Госпоѓице Грковска разберете ме најчовечки, немаше поради што да има пријавени, бидејќи сега го отворам претресот по амандманот. Не знам за што сте се пријавиле вие.

**Славица Грковска:** Господине потпретседателе, ве молам да разберете, ние бевме јавени, а госпоѓата Валентина Божиновска како предлагач веќе зборуваше и претресот по амандманот веќе беше отворен.

Вие немате право без да ги консултирате пратениците за што се јавени да заклучувате дека нема пријавени за збор по амандманот и да заклучувате дека треба да се гласа. Кога бевме пријавени 6 души за збор по амандманот. Вие немате никаква основа ниту Деловникот ви дава такво право да заклучувате и да ја бришете листата на пријавени пратеници на дисплејот.

**Бесим Догани:** Во ред, очигледно дека не можеме да се разбереме, очигледно е дека не сакате да работите, само за ваша мала информација да ви кажам дека денеска цел ден постигнавме да поминеме рекордни 4 амандмани поради вашата добра волја и затоа тука ја прекинувам денешната седница.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 16,19 часот)